# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 13/2018 Пробиштип 17.08.2018 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.13 одржана на ден 16.08.2018 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за согласност на Финансиски извештај за работењето на ЈКП Никола Карев за период од 01.01 до 30.06.2018, бр. 26-759/3
2. Одлука за согласнсот на Извештај за работа на ЈКП Никола Карев за период 01.01 до 30.06.2018 г. , бр. 26-759/4
3. Одлука за согласнсот на Измена на Финансов план на ЈКП Никола Карев за 2018 година , бр. 26-759/5
4. Одлука за согласност од ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип за запишување на поголем број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи, бр. 26-759/6
5. Одлука за согласност за отварање на донаторска сметка на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за проект Компостирање –постапка, услов и едукација во природните науки за користење ан отпадот и добивање на губриво за растенијата, бр. 26-759/7
6. Буџетски каледнар за донесување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2019, бр. 26-759/8
7. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 во делот на основен буџет, бр. 26-759/9
8. Одлука за поддршка на проект ЛЕСНОВО – ДЕСТИНАЦИЈА СО НОВИ МОЖНОСТИ ЗА АВТЕНТИЧЕН ТУРИЗАМ“ и учество на II повик за предлози инвестиции за подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзаност во дестинациите, бр. 26-759/10
9. Одлуки за подршка на проект реконструкција на културен дом од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој , бр. 26-759/11

10. Одлука за намена на инвестицијата за проект реконструкција на културен дом од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, бр. 26-759/12
11. Одлуки за подршка на проект реконструкција на спомен парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, бр. 26-759/13
12. Одлука за намена на инвестицијата за проект реконструкција на спомен парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, бр. 26-759/14
13. Одлуки за подршка на проект реконструкција на локален пат за с.Стрмош од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, бр. 26-759/15
14. Одлука за намена на инвестицијата за проект реконструкција на локален пат за с.Стрмош од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, бр. 26-759/16
15. Одлука за определени средства за потполна експропријација, бр. 26-759/17
16. Акт за основање на Фонд за домување на Општина Пробиштип, бр. 26-759/18
17. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Александар Благојчевски, бр. 26-759/19
18. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Игорчо и Драган Павловски, бр. 26-759/20
19. Одлука за јубилејни награди по повод 28 Август, бр. 26-759/21
20. Заклучок по барање од Здружение на граѓани Леговец ленд Пробиштип, бр. 26-759/22
21. Одлука за согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2018/2019 во СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип, бр. 26-759/23
22. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежното земјиште на општина Пробиштип за 2018 година, бр. 26-759/24

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-759/26 ГРАДОНАЧАЛНИК НА
16.08.2018година ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 и 64/18) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, расправајќи по Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01. до 30.06.2018 година, бр.05-733/1 од 19.07.2018 година, ја донесе следната :

ОДЛУКА
за давање на согласност на Финансискиот Извештајот на
ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018 година

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01. до 30.06.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01 до 31.06.2018 година бр.05-733/1 од 19.07.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-759/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018 година бр.01-734/1 од 19.07.2018 година, ја донесе следната :

ОДЛУКА
за давање на согласност на Извештајот за работа на
ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018 година

Член 1

Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 30.06.2018 година бр.01-734/1 од 19.07.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-759/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015 и 39/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, расправајќи по Одлуката за измена на финансов план ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2018 година бр. 02-746/1 од 20.07.2018 година , ја донесе следната:

ОДЛУКА

за давање согласност на Одлука за измена на Финансов план за 2018 година на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена на Финансовиот план за 2018 година на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр. 02-746/1 од 20.07.2018година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена на Финансовиот план за 2018 година бр. 02-746/1 од 20.07.2018година .

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-759/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 64 став 5 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016 и 163/2017) Советот на општина Пробиштип расправајки по барањето од ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 03-238/1 од 09.08.2018 година, на седницата одржана на 16.08.2018 година, ја даде следната:

ОДЛУКА

За давање согласност на ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип за запишување на поголем број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи за учебната 2018/2019

1. ***СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ*** на Одлуката за запишување на поголем број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи во ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2018/2019 година.

2. Составен дел на оваа Согласност е Одлуката за запишување на поголем број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2018/2019 година, бр.02-223/1 од 27.07.2018 година.

3. Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-759/6
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, разгледувајки го барањето од ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 03-390/1 од 09.08.2018 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

За давање на согласност за отварање на донаторска сметка на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип

Член 1

Се дава согласност на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за отварање на донаторска сметка за реализација на проектот Компостирање-постапка, услов и едукација во природните науки за користење на отпадот и добивање на губриво за растенијата финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објаувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-759/7
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

**Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општината Пробиштип за 2019 година**

| *Р.бр* | *Носител на Активноста* | *Постапка Дејствие* | *Август 2018* | | | *Септември 2018* | | | *Октомври 2018* | | | *Ноември 2018* | | | *Декември 2018* | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Совет на Општина | Донесување на буџетски календар | | x | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | Одделение за Буџет | Изготвување на фискална стратегија за донесување на Буџетот за 2019 год | | | x | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Совет на Општина | Донесување на фискална стратегија | | | | x | | | | | | | | | | | | |
| 4 | Одделение за Буџет | Изготвување на главни насоки за изготвување на буџетот за 2019 год | | | | | x | | | | | | | | | | | |
| 5 | Одделение за Буџет | Доставување на главните насоки до корисниците на Буџетот | | | | | | x | | | | | | | | | | |
| 6 | Буџетски Корисници | Доставување на главните насоки на буџетските корисници | | | | | | | x | | | | | | | | | |
| 7 | Одделение за Буџет | Анализа и Усогласување на буџетските планови на корисниците | | | | | | | | x | | | | | | | | |
| 8 | Буџетски Корисници | Изготвување на предлог програмите за Буџет за 2019 год | | | | | | | | | x | | | | | | | |
| 9 | Градоначалник | Спроведување на јавна расправа за предлог програма | | | | | | | | | | | x | | | | | |
| 10 | Совет на Општина | Донесување на програмите на Буџетрот за 2019 год | | | | | | | | | | | | x | | | | |
| 11 | Одделение за Буџет | Изготвување за предлог буџет за 2019 год | | | | | | | | | | | | | x | | | |
| 12 | Одделение за општи Правни | Доставување на предлог буџет 2019 | | | | | | | | | | | | | | x | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Работи | год до Советот на Општината | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 13 | Советот на Општината | Донесување на Буџетот на Општината за 2019год | | | | | | | | | | | | | | | x | |

Број 26-759/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| G10 ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | | | | | |
| 464990 Други трансфери | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА | | | | | |
| 482130 Реконст. на улици патишта и автопатишта | -1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година.

Број 26-759/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), а во врска објавениот II повик за пределози инвестиции за подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзаност во дестинациите од 16.03.2018 година на WEB страната на LRCP , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За давање подршка и приоритет на Проектот „ЛЕСНОВО – ДЕСТИНАЦИЈА СО НОВИ МОЖНОСТИ ЗА АВТЕНТИЧЕН ТУРИЗАМ“ и учество на II повик за предлози инвестиции за подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзаност во дестинациите

Член 1

Со оваа Одлука Општина Пробиштип се дава приоритет и подршка на проектот со наслов „ЛЕСНОВО –ДЕСТИНАЦИЈА СО НОВИ МОЖНОСТИ ЗА АВТЕНТИЧЕН ТУРИЗАМ “ и со истиот да аплицира на II повик за предлози инвестиции за подгрантови во инфраструктурата поврзана со туризмот и поврзаност во дестинациите, објавен на WEB страната на LRCP на 16.03.2018 година.

Член 2

За реализација на овој проект за општина Пробиштип, согласно проектната документација потребни се средства во износ од 46.007.409,90 денари од кои 41.134.206,90 денари донаторски средства од LRCP(Светска банка во соработка со Владата на РМ), 2.000.000,00 денари од Буџетот на општина Пробиштип како сопствено парично учество и 2.873.198,00 денари како непарично учество на општина Пробиштип изразено во бруто плати за проектниот тим , координаторот и двајца вработени од општина Пробиштип (еден архитект и еден градежен инженер) за периодот на реализацијата на проектот.

Член 3

Се задолжува општинската администрација на општина Пробиштип квалитетно да ја подготви апликацијата со целокупната потребна документација со цел донаторот позитивно да се изјасни и да го одобри проектот .

Член 4

Одлуката стапува на со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-759/10
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет на проектот
„Реконструкција на Културен Дом„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип се утврдува приоритет на проектот „Реконструкција на Културен Дом„ за реализација на истиот со користење средства од Програмата за рурален развој, мерка бр. 321 – Развој на јавна инфраструктутра во рурални средини.

Член 2

Во согласност со техничката документација вкупната вредност на проектот изнесува 20.000.000 денари со вклучено ДДВ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„.

Број 26-759/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за давање Согласност за намената на инвестицијата
„Реконструкција на Културен Дом„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Реконструкција на Културен Дом „ во Пробиштип.

Член 2

Проектот „Реконструкција на Културен Дом„ се однесува на целосна внатрешна реконструкција на постоечкиот објект со промена на електрични инсталации, обнова на системот на греење и ладење, набавка на нова опрема со што ќе се создадат значително подобри услови за работа на објектот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-759/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет на проектот
„ Реконструкција на Спомен-парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип се утврдува приоритет на проектот „Реконструкција на Спомен-парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема„ за реализација на истиот со користење средства од Програмата за рурален развој, мерка бр. 322 – Обнова и развој на селата.

Член 2

Во согласност со техничката документација вкупната вредност на проектот изнесува 19.348.779,07 денари со вклучено ДДВ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-759/13
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за давање Согласност за намената на инвестицијата „Реконструкција на Спомен-парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Реконструкција на Спомен-парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема„

Член 2

Проектот „ Реконструкција на Спомен-парк на револуцијата и поставување на нова урбана опрема„ се однесува на инвестиција со која е предвидена целосна реконструкција на локалитет Спомен – парк преку изградба на повеќе содржини како трим патека, паркинг простор, спортска фитнес зона, детски игралишта, хортикултурно уредување, поставување на летниковци и урбана опрема.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-759/14
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет на проектот
„Реконструкција на локален пат за с. Стрмош„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип се утврдува приоритет на проектот „Реконструкција на локален пат за с. Стрмош„ за реализација на истиот со користење средства од Програмата за рурален развој, мерка бр. 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја.

Член 2

Во согласност со техничката документација вкупната вредност на проектот изнесува 14.502.188,20 денари со вклучено ДДВ.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-759/15
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 21, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за давање Согласност за намената на инвестицијата
„Реконструкција на локален пат за с. Стрмош„

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пробиштип дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Реконструкција на локален пат за с. Стрмош„.

Член 2

Проектот „Реконструкција на локален пат за с. Стрмош„ се однесува на реконструкција на асфалтен слој на локален пат Пробиштип - с. Стрмош во должина од 1,8 км со што значително ќе се подобри патното поврзување помеѓу овие две населени места, кое е од големо значење за подобрување на условите и начинот на живот и работа на руралната популација во овој дел од општината.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на општина Пробиштип„

Број 26-759/16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016) а врз основа на Извештајот за извршена проценка на пазарната вредност на недвиженј имот–градежно изградено земјиште во с. Неокази од 01.08.2018 од внатрешен проценител во општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 16.08.2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За определени средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште за изградба на доводен цевковод за н.м.Неокази, Петршино, Дренак и Стрмош и изградба на фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води за н.м.Неокази општина Пробиштип во сопственост на физички лица предвидени со Геодетски елаборат за посебни намени ( за експропријација) Д.бр.08-644/3 од 01.08.2018 на Друштвото за геодетски работи ГЕОМЕТАР ПРО-ИНГ ДОО Свети Николе.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетската програма ЕА – Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2018 година на контото

485420- Надомест за одземен имот – 550.000 денари

согласно извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижен имот .

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-759/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 103 а во врска член 42 став 1 од Законот за домување (Службен Весник на РМ бр. 99/2009, 57/2010, 36/2011, 13/2012, 163/2013, 42/2014,1 99/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018) и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02) Советот на Општина Пробиштип на седницта одржана на ден 16.08.2018 година, го донесе следната:

АКТ
ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНД ЗА ДОМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Член 1

Се основа Фонд за домување на општина Пробиштип заради управување и располагање со станбените објекти во сопственост на општина Пробиштип .

Член 2

Фондот за домување на општина Пробиштип ќе биде како орган во состав на општина Пробиштип со посебна сметка а со него ќе раководи градоначалникот на општина Пробиштип.

Советот на општина Пробиштип ќе донесе годишна програма за работа на Фондот во која ќе се предвидат мерките и активностите за користење и располагање на посточкиот станбен фонд во сопственост на општина Пробиштип .

Член 3

Средствата за работа на фондот ќе бидат обезбедени од страна на општина Пробиштип.

Член 4

Фондот за домување на општина Пробиштип се формира заради следната намена:

-Водење на евиденција на станбениот фонд во сопственост на општина Пробиштип

-Обезбедување на комунална инфраструктура потребна за нормално функционирање на станбениот простор,

-Заради стопанисување и располагање со станбениот фонд во сопственост на општина Пробиштип на нејзина територија

-Обезбедување на фондови и средства за изградба и издавање на станови со непрофитни , односно субвенционитрани закупнини наменети за привремено решавање нна станбени потреби на лица во социјален ризик , без можност за купување на станот,

-Обезбедување на разни форми на сопствено или изнајмено домување кое се дава под закуп,

-Обезбедување на фондови за поттикнување на изградба на станови од страна на граѓаните.

Член 5

Фондот за домување на општина Пробиштип се организира како орган во состав на општината и дејностите ќе ги врши на територија на општина Пробиштип.

Член 6

Одлуките за работата на фондот ќе ги донесуваат органите на општината , Советот и Градоначалникот во зависност од надлежноста утврдена со закон.

Член 7

Фондот за домување е орган во сопстав на општината ки за неговите обврски одговара општина Пробиштип како основач на фондот.

Член 8

Финансирањето на Фондот за домување ќе се врши:

-закупнина на становите ,

-од продажба на станови под поволни услови ,

-донаторски средства од јавни и приватни инвеститори ,

- од Буџетот на општина Пробиштип кој ќе бидат утврдени во Годишната програма за домување .

Основачите на Фондот со посебни одлуки ќе отстапат на користење имот и опрема за работа на Фондот.

Член 9

За лице кое ќе ги врши работите во врска со уписот на фондот во Централниот регистар и отворање на жиро сметка се назначува Јованка Данева вработена во Општина Пробиштип. По извршената регистрација на Фондот , Градоначалникот ќе определи лица од редот на вработените во општинската администрација кои ќе ја спроведуваат Програмата на фондот и сите потребни работи во врска со неговите надлежности.

Член 10

Во Статутот на на општина Пробиштип во рок од 30 дена од денот на уписот во Централниот регистар на РМ да се изврши допуна со посебна глава одредби за Фондот за домување како орган во сотав на општина Пробиштип.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-759/18
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ" бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.2811 , МВ Дебели Рид, КО Добрево, Општина Пробиштип, изграден од страна на лицето Александар Благојчовски, со адреса на ул.„Пердика Први„ бр.12 од Пробиштип.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето Александар Благојчовски од Пробиштип.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се изработи нова и истата ќе биде со намена: А4-домување, времено сместување во викенд куќи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-759/19
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ" бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена А4-времено сместување (викенд куќа) изграден на КП.бр.1976/6 , МВ Леговец, КО Древено, Општина Пробиштип, изграден од страна на Игорчо и Драган Павловски, со адреса на ул.„Вељко Влаховиќ„ бр.3/20 од Пробиштип.

Член 2

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицата Игорчо и Драган Павловски од Пробиштип.

Член 3

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип или ќе се изработи нова и истата ќе биде со намена: А4-домување, времено сместување во викенд куќи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-759/20 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од законот за Локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За доделување на јубилејни награди по повод 28-ми Август
Член 1

По повод 28-ми Август празник на општина Пробиштип и празник на рударите, Општина Пробиштип доделува јубилејни награди.

Член 2

Јубилејните награди се доделуват врз основа на Критериуми изготвени од страна на Комисија во две категории и тоа:

- Јубилејна награда златна плакета „28-ми Август„ и
- Специјална награда „ Пријатели на општина Пробиштип „ .

Член 3

Со јубилејна награда златна плакета „ 28-ми Август„ се наградуваат:

1. ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за достигнувања во областа на образованието за најуспешно училиште во чебната 2017-2018
2. Балетското студио„Магија“ Пробиштип за достигнувања во областа на културата во период од 28.08 2017година до 28.08 2018 година
3. Одбојкарскиот клуб „Весна“ Пробиштип за достигнувања во областа на спортот во период од 28.08 2017година до 28.08 2018 година
4. Александар Милков од Пробиштип за најистакнат поединец кој на успешен начин ја претставил општина Пробиштип надвор од границите на Македонија
5. Рудникот за олово и цинк „Булмак 2016“ година за општествено корисна компанија во период од 28.08 2017година до 28.08 2018 година

Со специјална награда „Пријатели на општина Пробиштип се наградува:

1. Коста Балабанов за човек кој со лично залагање и со личен ангажман има допринесено за општина Пробиштип.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-759/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 28 став3 од од Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017). Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година, постапувајќи по барањето поднесено од СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип бр. 03-351/1 од 14.08.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за учебната 2018/2019 година

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Средното општинско училиште „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2018/2019 година и тоа:

| Вид на образование / година | Гимназиско образование | | | Спортска гимназија | Машинска стурка | Геолошко-рударска и метал. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 19 | 18 | 18 | 7 | 12 | 2 |
| II | 17 | 21 | 15 | 14 | 6 | 4 |
| III | Природно-математичко, ком.А Општествено хуманистичко ком.А | | Природно-математичко, ком.Б | | | |
| | 20 | | 17 | 5 | 5 | 2 |
| IV | Природно-математичко, ком.А | Природно-математичко, ком.Б | Општествено хуманистичко ком.А | | | |
| | 12 | 16 | 16 | 17 | 22 | / |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-759/23
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14 и 29/15) постапувајки барањето од Здружението на граѓани Леговец Ленд Пробиштип бр. 26-660/1 од 06.07.2018 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

по барање од Здружение на граѓани Леговец Ленд Пробиштип

1. Барањето од Здружението на граѓани Леговец Ленд Пробиштип бр. 26-660/1 од 06.07.2018 година финансиска и логистичка подршка на настанот Леговец Ленд 2018 Пробиштип делумно се прифаќа и се одобруваат:
- 30.000,00 денари финансиски средства како помош за организирање на настанот
- Логистичка подршка со обезбедување на агрегат/генератор за електрична енергија од најмалку 75 KW и 15 парчиња полициска / безбедносна ограда.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-759/22 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
16.08.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и члеn 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 16.08.2018 година ја донесе следната :

П Р О Г Р А М А

За изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2018 година

Со оваа Програма се врши измена на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-851/12 од 01.12.2017 година (Службен гласник на општина Пробиштип бр.3/2017 , во Точка 3 Одредби за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште по зони во делот

-За индустриски и стопански објекти, настрешници, складови, производни капацитети и друго, износот од „670“ денари се заменува со износ од „3000“ денари.

Програмата стапува на сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-759/24
16.08.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.